Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-54/4
30.7. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", 2019 година), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-53/4 од 17.07.2024 година, директорот на Државен испитен центар Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за делумно одбивање на барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Делумно се одбива Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од лицето Слаѓана Марјановиќ Пановска по електронски пат на е-мејл адресата на Државниот испитен центар Скопје, бр. 03-53/4 од 17.07.2024 година.
2. На првото прашање од Барањето за пристап до информации од јавен карактер Државниот испитен центар Скопје го дава следниов одговор:
- во јунскиот испитен рок во учебната 2023/2024 по предметите Македонски јазик и литература и Математика се поднесени вкупно 382 приговори.
3. На второто прашање од Барањето за пристап до информации од јавен карактер Државниот испитен центар Скопје го дава следниов одговор:
- во јунскиот испитен рок во учебната 2023/2024 од поднесените вкупно 382 приговори по предметите Македонски јазик и литература и Математика прифатени се 118 приговори.
4. На третото прашање од Барањето за пристап до информации од јавен карактер Државниот испитен центар Скопје го дава следниов одговор:
- Државниот испитен центар Скопје не располага со податоци за висината на приливот по основ на администривна такса од поднесените приговори по предметите Македонски јазик и литература и Математика се поднесени вкупно 382 приговори.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Слаѓана Марјановиќ Пановска по електронски пат на е-маил адресата на Државниот испитен центар Скопје, бр. 03-53/4 од 17.07.2024 година достави Барање за пристап до информации од јавен карактер со три одделни прашања:

1. Колку вкупно приговори се поднесени до ДИЦ за резултатите од испитите по македонски јазик и литература и математика од државната матура во првиот испитен рок (јунски) во учебната 2023/2024 година?
2. Колку од приговорите се прифатени т.е. успешно решени во полза на жалителите:
3. Колкав е приливот во буџетот по основ на административна такса од поднесените приговори?

Државниот испитен центар Скопје во рамките на своите надлежности, а во согласност со член 3, став 1, алинеја од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер доставува одговор на првите две прашања од Барањето за пристап до информации од јавен карактер. Што се однесува до третото прашање Државниот испитен центар Скопје не создал односно не располага со информација за приливот во буџетот по основ на административна такса од поднесените приговори.

Понатаму, го известуваме барателот дека висината на трошоците за разгледување на поднесените приговори изнесува 2.500,00 денари, со тоа што платениот надоместок се враќа на кандидатите доколку приговорот е прифатен.

**Правна поука:** Против ова решение подносителот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на решението.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Директор
м-р Билјана Михајловска

Изготвил: д-р Б. Ламева
Б. Ламева